**Известување за концентрација со која АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В. и ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд. ќе основаат заедничко вложување**
**(предмет бр. 08-84/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В.** со регистрирано седиште на Бошстраат 21А, 6211 АС Мастрихт, Холандија и **ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд.** стан/куќа 1911, Ли Гарден Уан, 33 Хајсан Авенју, Козвеј Бej, Хонг Конг ќе основаат заедничко вложување.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В.** е зависно друштво на АУМОВИО Џермани Гмбх (AUMOVIO Germany GmbH), Хановер/Германија (АУМОВИО Германија) кое е зависно друштво на АУМОВИО СЕ (AUMOVIO SE), Франкфурт а.м/Германија (АУМОВИО заедно со неговите зависни друштва Групацијата Аумовио). Во рамките на Групацијата АУМОВИО, АУМОВИО Холандија делува како холдинг и финансиско друштво кое управува со финансиски инвестиции и акционерски средства за Групацијата АУМОВИО низ целиот свет.

Групацијата АУМОВИО е глобален добавувач на автомобили, нејзиното работење е поделено во четири области:(i) Архитектура и мрежни решенија, (ii) Автономна и комерцијална мобилност, (iii) Безбедност и движење и (iv) Корисничко искуство.

Групацијата АУМОВИО нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија. Групацијата АУМОВИО остварува промет во Северна Македонија преку прекугранична продажба.

**ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд.** е зависно друштво на ТЕМБ Интелиџент Технолоџи (Шандонг) Ко. Лтд (TEMB Intelligent Technology Shandong CO.Ltd). Во рамките на групацијата ТЕМБ ХК делува како холдинг друштво основано за инвестициски цели и нема оперативни дејности.

Групацијата ТЕМБ е главно ангажирана во развој и производство на компоненти на систем за термичко управување на автомобили, првенствено вклучувајќи компоненти за контрола на температура ( термостат, паметен вентил за вода, неповратен вентил), сензори (сензор за температура, сензор за притисок), електроакустични компоненти (сирена, зујалка, AVAS, звучник), прекинувачи (прекинувач за притисок на масло, термички прекинувач и други производи (PVC вентил, пружина).

Заедничкото вложување ќе има за дејности развој и производство на одредени видови на сензори за притисок и сензори за притисок и температура за автомобили и нивна продажба во Европа.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира како ***пазар на рзвој, производство и продажба на сензори за притисок и сензори за притисок/температура.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.05.2026 година
Скопје